This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

## КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

## АПРИЛ, 2025



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „НАРКО ГРУПА-ГРЧЕЦ“ КОК-117/24

На 04.04.2025 година, на рочиштето се испитуваа сведоци од јавното обвинителство.

На 07.04.2025 година, на рочиштето се испитуваа сведоци од јавното обвинителство.

На 08.04.2025 година, на рочиштето се испитуваа сведоци од одбраната на обвинетите.

На 09.04.2025 година, на рочиштето се испитуваа сведоци од одбраната на обвинетите.

На 15.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испитаа обвинетите во постапката.

На 22.04.2025 година, на рочиштето се изведоа материјални докази во фаза на дополнение на доказната постапка.

Рочиштето на 23.04.2025 година се одложи поради отсуство на бранител од здравствени причини.

### „ТАЛИР” КОК-3/19

На 22.04.2025 година, на рочиштето главната расправа започна одново во давање на воведни говори.

На 25.04.2025 година, рочиштето беше одложено.

### „ТИТАНИК“ КОК-59/22

Рочиштето на 16.04.2025 година се одложи.

На 24.04.2025 година, на рочиштето странките се договорија и утврдија динамика на изведување на доказите на главната расправа.

### „ФЕНИКС” КОК-12/24

На 11.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваа 6 сведоци предложени од јавното обвинителство.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-47/24

На 16.04.2025 година, на рочиштето повторно се направи спојување на предметите, се изведоа материјални докази и се сослуша една обвинета.

### „ИМПЕРИЈА“ КОК-33/23

На 03.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од јавното обвинителство.

На 04.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од јавното обвинителство.

Рочиштето на 14.04.2025 година се одложи бидејќи вештите лица изјавиле дека не се спремни да дадат исказ.

На 15.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испитаа 2 вешти лица предложени од јавното обвинителство.

На 24.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испита 1 сведок предложен од страна на јавното обвинителство.

Рочиштето на 25.04.2025 година е одложено поради неуредна достава на покана на сведоците.

### „СИНЏИР“ КОК-61/24

На 22.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испитаа 2 технички советници предложени од одбраната на обвинетите.

### „СОФТВЕРИ“ КОК-112/24

На 01.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се презентирааа материјални докази предложени од јавното обвинителство.

На 07.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се презентирааа материјални докази предложени од јавното обвинителство.

На 08.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се презентирааа материјални докази предложени од јавното обвинителство.

На 28.04.2025 година рочиштето се одложи бидејќи предметот се уште не е вратен од Апелациониот суд.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 16.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испитаа 3 обвинети.

На 22.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испита 1 обвинет.

### „ГРАДОНАЧАЛНИК С.Ј.“ КОК-157/21

На 02.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на одбраната и обвинетите.

На 14.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на одбраната и обвинетите.

На 23.04.2025 година судот јавно ја објави пресудата со која ги огласи обвинетите за виновни. На првообвинетиот му изрече ефективна казна затвор во траење од 3 години и 6 месеци, а на второобвинетиот му изрече алтернативна мерка – условна осуда во траење од 2 години затвор која нема да се изврши доколку во следните 5 години не стори ново кривично дело.

### „ЕУ ФОНДОВИ“ КОК-179/22

На 03.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испита едно вешто лице предложено од страна на јавното обвинителство.

## Останати судски предмети

### „ЖАН МИТРЕВ” К-349/23

На 07.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се презентираа материјални докази на јавното обвинителство.

На 28.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се презентираа материјални докази на јавното обвинителство.

### „УБИСТВОТО НА ВАЊА ЃОРЧЕВСКА И ПАНЧЕ ЖЕЖОВСКИ“ К-1339/24

На 02.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше еден од обвинетите.

На 04.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше еден од обвинетите.

На 07.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше еден од обвинетите.

На 11.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше еден од обвинетите.

На 23.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше еден од обвинетите.

На 28.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше еден од обвинетите.

### „РОДИЛКАТА ОД СТРУГА“ К-95/22

Рочиштето на 03.04.2025 година се одложи по барање на одбраната за достава на дополнителни забелешки за наводите од супервештачењето.

На 14.04.2025 година, на рочиштето судот го одби барањето на одбраната да се иземат вештите лица.

### „ТОТАЛ“ К-1493/17

На 09.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од јавното обвинителство.

### „СПОРТСКИ ВАУЧЕРИ“ К-884/24

На 25.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испита едно вешто лице предложено од јавното обвинителство.

### „МОДУЛАРНА БОЛНИЦА-ТЕТОВО“ К-512/24

На 04.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваа вешти лица.

На 08.04.2025 година, на рочиштето се прочитаа исказите на сведоците дадени на претходните судења.

На 22.04.2025 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од јавното обвинителство.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На **02.04.2025 година**, Судскиот совет ја одржа 519-тата седница, на која што го разгледа и усвои Годишниот извештај за работа на судовите во Република Северна Македонија за 2024 година. Дополнително, Советот донесе и одлука за објавување на оглас за избор на 6 судии на Апелациониот суд Штип и тоа: 3 судии за граѓанска област и 3 судии за кривична област, како и за избор на 3 судии на Вишиот управен суд. Исто така, за време на седницата беше донесена одлука со која за претседател на Апелациониот суд Гостивар е избран Беким Мехмеди, судија на Апелациониот суд Гостивар.

На **17.04.2025 година**, Судскиот совет ја одржа 520-тата седница на која Советот меѓудругото донесе одлука и за утврдување на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2025 година, го усвои извештајот на Комисијата за навременост и комплетност на документите по оглас за избор на претседател на Основен суд Делчево, Основен суд Берово , Основен суд Радовиш и Основен суд Охрид, донесе одлука за објавување на оглас за избор на претседател на Основен суд Делчево, Основен суд Берово и Основен суд Радовиш.

На **30.04.2025 година**, Судскиот совет ја одржа 521-та седница на која Советот ги донесе следните одлуки:

- За претседател на Основен суд Кратово избран е судијата Мирослав Георгиевски;

- Избрани се судии од последната генерација на Академијата за судии и јавни обвинители и тоа 2 судии во Основен суд Велес, 1 судија во Основен суд Струга, 7 судии во Основен граѓански суд и 9 судии во Основен кривичен суд;

- За судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија се избрани судиите Зоран Димитриевски, судија на Апелационен суд Скопје и Татјана Дуковска, судија на Апелационен суд Скопје и судијата Маја Маркова, судија на Апелационен суд Скопје.

На седницата беа разгледани и жалбите на предлог ранг-листите на кандидати за избор на судии на Апелациониот суд Скопје како и беше донесена одлука за објава на оглас за избор на судии во Основен суд Струга. На оваа седница, Судскиот совет го усвои и Годишниот извештај за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2024 година.

## СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На **02.04.2025** година, Советот на јавни обвинители ја одржа 22-тата седница на која Советот донесе одлука за исклучување на јавноста од точката 2 од дневниот ред- Разгледување на предлогот за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија поднесен од Владата на Република Северна Македонија. Советот во присуство на јавноста гласаше за предлогот на Владата за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија, така што со мнозинство гласови се донесе негативно мислење во врска со дадениот предлог.

На **04.04.2025 година**, Советот на јавни обвинители ја одржа 23-тата седница на која беше разгледан и усовен Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители за 2024 година. Дополнително, Советот донесе одлука за усвојување на Планот и програмата на Советот на јавните обвинители за 2025 година. Исто така, донесе и одлука за продолжување на функцијата на јавните обвинители Џелал Хусмани – јавен обвинител во ОЈО Гостивар, Виолета Стојаноска – јавен обвинител во ОЈО Кичево, Расим Дреца – јавен обвинител во ОЈО Скопје, Миле Мојсовски – јавен обвинител во ОЈО Скопје и Ахмед Ахмеди – јавен обвинител ОЈО Гостивар, согласно Законот за измена и дополнување на Законот за работни односи.

На **17.04.2025 година**, Советот на јавни обвинители ја одржа 24-тата седница на која донесе одлука со која што јавниот обвинител Никола Јолески од ОЈО Струга беше назначен за вршител на должност

Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга. Дополнително, Советот донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево.